

Драго Обрадовиќ

# ИСЧЕЗНАТИ градови и цивилизации

# ИСЧЕЗНАТИ
градови и
цивилизации

ИСЧЕЗНАТИ ГРАДОВИ И ЦИВИЛИЗАЦИИ
Драго Обрадовиќ

**Наслов на оригиналот:**
NESTALI GRADOVI I CIVILIZACIJE
Mr. sc. Drago M. Obradović

Copyright © 2018
Drago M. Obradović

Macedonian edition © 2018
AIK Znaci na vremeto
ul. Vlae br. 42, Skopje

**Превод од хрватски јазик и лектура:**
Мелита Томовска

**Дизајн:**
Лазар Томовски

**Уредник:**
Михајло Гурев

**Издава:**
АИК „Знаци на времето"
ул. Влае бр. 42, Скопје

**Печати:**
Аркус дизајн
ул. Веле Марков бр. 4, Скопје

Скопје, 2018

Тираж: 500

www.**znacinavremeto**.mk



Драго Обрадовиќ

# ИСЧЕЗНАТИ градови и цивилизации

# Содржина




6 **УР** - раскошен велеград



12 **КОРСАБАД** - престолнина на заборавениот крал



16 **СУЗА** - престолнина на најубавата кралица



22 **ЕВАЛ** - кога камењата ќе проговорат!



28 **НИНЕВИЈА** - „големиот град“



34 **ВАВИЛОН** - метрополата на древниот исток


46
**ЕРИХОН** - најстариот град


50
**ЕРУСАЛИМ** - градот на Големиот крал


58
**САМАРИЈА** - израелски велеград


66
ИСЧЕЗНУВАЊЕТО на десетте израелски племиња - историски осврт


74
**АТИНА** - градот кој не спие


82
**КОРИНТ** - градот на трговците


88
**ЕФЕС** - „саемот на суети во стариот свет“


96
**ФИЛИПИ** - градот на пурпурот


102
**ПЕТРА** - Црвениот град
„стар како половина од времето“


110
**СМИРНА** - славата на  Азија

# УР - раскошен велеград



Што му говорат на денешниот човек ископините на древниот Ур - престолнината на Сумерското кралство?

Ако отидеме во посета на некои од многубројните импресивни места кои ги спомнува Библијата, би виделе дека од вековниот прав со трудот на археолозите се извадени многу подробности кои ги потврдуваат извештаите на оваа стара книга. Ур се споменува само четирипати во Библијата, но е значаен затоа што во него е роден Аврам.

Интересно е тоа што многу од тие извештаи прво се нашле на ударот на критиката, за потоа археолошките откритија да потврдат дека се точни. Библијата го опишува патријархот Аврам како човек кој ќе го послуша Божјиот повик со својот татко Тара, сопругата Сара и со внукот Лот да тргне од



Ур Халдејски на долг пат кон ветената Хананска земја. Овој извештај на критичарите им изгледал неверојатен. Се прашувале дали е возможно толку рано да постоела развиена градска цивилизација.

Современите систематски археолошки ископувања на Аврамовиот роден град ги предводел прочуениот англиски археолог сер Леонард Вули (Sir Leonard Woolley). Пред



Сер Леонард Вули (Sir Leonard Woolley)



тоа откритие мнозина писатели ги опишувале Аврама и неговото време како многу примитивно. Меѓутоа, ова откритие јасно покажало дека Аврам не е роден во град на шатори, туку во богат и раскошен град сред пространата месопотамиска рамнина токму во Ур Халдејски, денешниот Тел ел-Мугајар (Tell el Mugayyar). Градот се наоѓал на реката Еуфрат и имал уредено пристаниште со своја инфраструктура, што го правело развиен трговски град. Тој како раскошен велеград се простирал во плодната низина, а уште два века пред Аврам го изградил кралот Ур-Наму. Археолозите ѝ се восхитувале на величествената престолнина на најстарата цивилизација - Сумерците. За



Кралот Ур-Наму

тогашните услови тоа бил велелепен град со цел комплекс на граѓански и верски јавни згради, кои ги надминувала скалестата трикатна градба висока 24 метри - типичен месопотамиски зигурат.

Особена важност имаат предметите пронајдени во кралските архиви, кои ја потврдуваат вистинитоста на библиската историја за патријарсите. Пронајдени се 23.000 глинени плочки, пишувани со клинесто писмо, во кои се споменуваат имињата на роднините на Аврам, како и градовите кои тие ги основале, и нивните фамилијарни имиња кои биле поврзани со векови за нив: Пелег, Серуг, Нахор, Тара и Харан. Во Археолошкиот музеј во Багдад и во Британски-



от музеј во Лондон се наоѓаат плочките и предметите од Ур, стари над четири илјади години. Во секој случај тоа бил град со прогресивни идеи и, за она време, со напредни програми.



Ур бил моќна и организирана метропола со широки поплочени улици по кои одел Аврам. Поголем дел од куќите биле изградени со уличната врата свртена кон дворот, околу кој биле поставени различни простории. Тоа биле кујната, шпајзот и дневните простории. Скалите водат кон катот, на кој најверојатно се наоѓале спалните соби. Во сите куќи постоел извонреден состав на градска канализација, која била поврзана со покриената градска канализација. Во куќите имало топла и ладна вода.







Фактот дека санитарните услови во градот Ур биле подобри од оние кои ги имаат денешните градови во неговото соседство, ни говори многу во прилог на тврдењето дека овој град пред 4000 години бил изграден на мошне современ начин.

Исто така, археолозите утврдиле дека жителите на Ур биле образовани зашто во него имало многу школи, згради на судот и библиотеки. Во школите се пронајдени многубројни плочи пишувани

со клинесто писмо - тоа биле учебници или средства за вежбање. Тие покажуваат дека момчињата и девојчињата во Ур можеле да се стекнат со солидно образование од читање, пишување, аритметика и географија.

Многубројните пронајдени музички инструменти (во кралските гробници на Ур) и бројните прикази на печатите и релјефите сведочат дека веќе била позната цела низа различни музички инструменти. Се свирело на харфи и лири со различна големина, кои



имале и по единаесет жици, а можеле да се штимаат со мали клучеви (стеги) на дрвениот праг. Во една кралска гробница во Ур, во јамата за мртовците пронајдени се три лири кај кои е очигледно дека се свирело на сите три истовремено (на струните се гледале прстите на свирачот), а кои прикажуваат три различни животни (бик, јуница и вол), така што тие најверојатно биле инструменти со различни тонови. Лирата особено ја сакале како придружба за човечки глас. На „Знамето на Ур" е прикажан музичар со лира во облик на бик како следи жена-солистка на свечен банкет во чест на сумерска победа; во една химна на Иштар е напишано: „Ќе ти говорам со лира, чиј звук е сладок."

Сѐ што рековме силно потврдува дека не можеме да го споредуваме Аврам со необразованите и суеверни бедуини како што тоа го правеле критичарите на Библијата. Напротив, тој бил човек со префинет вкус, член на цивилизирано и образовано општество. По спроведените ископувања во Ур, Аврам не може да биде некој примитивен номад, туку дете од блескава метропола, наследник на развиена култура и цивилизација. Таков бил прататкото на избраниот народ, кој над сѐ очекувал „град што има основи, чиј градител и творец е Бог" (Цитат од библиската книга Послание до Евреите 11,10).

Директорот на експедицијата за ископувањето во Ур, сер Леонард Вули, во својот

службен извештај за истражувањата во Ур пишува: „Сега кога знаеме во каква културна средина Аврам ги минал првите години од својот живот, мораме од основа да ја менуваме својата претстава за еврејскиот патријарх“ (Цитат од книгата „Ur of Caldees“, стр. 93).

Дваесет години подоцна, славниот археолог на Блискиот Исток, проф. д-р Вилијам Фоксвел Олбрајт, уверливо тврди дека „нема причина за сомневање во точноста на биографските подробности за личностите и случувањата на библиските патријарси“ (Цитат од книгата „The Biblical Period“, стр. 6).





Научникот - асириолог Алфред Џеремиј уште во далечната 1911 година го напишал следново: „Ако тврдиме дека Аврам живеел, тој можел да живее само под околностите и условите кои ни ги опишува Библијата“ (Цитат од книгата „The Old Testament in the Light of the Ancient East“, стр. 91).

Сиве овие и многу други пронајдени историски документи од тие дамнешни времиња се причина поради која археолозите сметаат дека патријарсите, за кои известува Светото писмо, можеле да живеат единствено во онаа доба што ни ја опишува библиската хронологија и ни го потврдува археологијата.

# КОРСАБАД - престолни






Пол Емил Бота

Дваесетина километри северoисточно од Ниневија, на левиот брег на потокот Косар се наоѓа селото Корсабад, чие име значи „Градот на Косро“. Ова место во древните времиња било познато како Дур-Шарукин, некогашна резиденција на асирскиот цар Саргон II (722-705 година пред Христа).

Пол Емил Бота (Paul Emile Botta, 1766-1837), француският конзул во Мосул на горен Тигар, во 1843 година ги започнал археолошките ископувања на стариот град Ниневија на источниот брег од реката Тигар. Големиот интерес кон древнините го поттикнал да вработи голема група работници во потрага по вредни ископини.

Неговата желба да го зачува секое парче скршена цигла предизвикало љубопитност кај тамошните жители. Кога слушнале дека истражувачите бараат скулптури и натписи, жителите од соседното село му донеле на

# на на заборавениот крал



Бота многу фрагменти од алабастер и цигли со интересни натписи. Еден од мештаните му предложил да дојде и да го истражува ритчето на коешто лежи неговото село Корсабад, зашто копајќи земја за темели во текот на изградбата на нови куќи, наишле на многубројни стари предмети.

Така Бота се преселил на новото наоѓалиште за да врши ископувања. Уште првиот ден истражувачите наишле на стари ѕидови прекриени со остатоци од стари релјефи и клинести натписи на некогашната палата на асирскиот цар Саргон II. Со големо одушевување и радост Бота веднаш испратил извештај до францускиот институт Societe Asiatique, пишувајќи: „Убеден сум дека јас сум првиот што открил скулптури од времето кога градот Ниневија бил во екот на процут."

Набрзо по тоа неговите работници влегле во една голема просторија со огромни димензии. Ѕидовите на просторијата биле